КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ДП 368/13**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Снежана Фитеска извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Саветка Георгиева извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје судија Владимир Панчевски, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Нуман Лимани од Министерство за правда, како членови на Дисциплинска Комисија и секретар на Дисциплинска комисија Биљана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-1354/5 од 07.06.2013 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Д. Ф.лично, по одржан претрес, на ден 12.11.2013година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН извршителот Д. Ф. Именуван за подрачјето на О.СО, О.С С. и О.С Д. Со адреса на ул. __________бр.________ О.

ЗАТОА ШТО:

1. Извршителот по именувањето на неговиот заменик на ден 05.10.2012 година со Решение на Министерот за правда бр.09-3775/1, не го овластил заменикот извршителот Д. С.да располага со редовната и посебната сметка, со што постапил спротивно на член 48 став 6 од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/11) со кој е пропишано дека извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменик извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен.
2. Извршителот Д. Ф. во поголемиот дел од Уписникот за примени барања за извршување за 2012 година не ја завел цената за администрирање на предметите што е спротивно на член 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.117/05).

со кои дејствија извршителот Д. Ф. од О. сторил дисциплинска повреда по чл.54- г став 1 алинеја 4 "неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките " и алинеја 17 " не му издава овластување на заменик извршителот за располагање на неговата редовна и посебна сметка.

па со примена на правилата на казненото право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната и врз основа на чл.54-в став 1 од Законот за извршување му се изрекув дисиплинска мерка

**ЈАВНА ОПОМЕНА**

Дисциплинската мерка јавна опомена да се стави на огласна табла во седиштето на Комората, 60 дена од денот на изрекување

*Образложение*

Предлогот за поведување на дициплинската постапка УПП.бр.09-1354/5од07.06.2013 е поднесен против извршителот Д. Ф. од О. Од страна на Министерството за правда на РМ врз основа на Извештај за редовен надзор врз работата на извршителотУПП.бр.09-1354/5 од 29.03.2013 година спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда на ден 15.03.2013 година.

Предлогот е со наводи дека извршителот по именувањето на неговиот заменик, не го овластил заменикот да располага со редовната и посебната сметка, а за кое согласно законските прописи извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменик извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен како и дека извршителот Д.Ф.во поголемиот дел од Уписникот за примени барања за извршување за 2012 година не ја завел цената за администрирање на предметите па подносителот смета дека со ваквото постапување извршителот постапил спротивно на член 48 став 6 од Законот за извршување (“Службен весник на Република Македонија” бр.35/05, 50/06, 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/11 и на член 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.117/05).

Министерот за правда сметајќи дека извршителот сторил дисциплински повреди по чл.54- г став 1 алинеја 4 од ЗИ“неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките “ и чл.54-г став 1 алинеја 17 од ЗИ“ не му издава овластување на заменик извршителот за располагање на неговата редовна и посебна сметка па предлага Дисциплинската Комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител Д. Ф. од Охрид и да му изрече соодветна санкција во согласност со одредбите од ЗИ.

Извршителот Д. Ф. од О. во своја одбрана во писмен одговор од ден 27.06.2013 година наведе дека извршителот е должен предметната евиденција да ја води согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденција за примените барања за извршување, донесен од Министерот за правда.

Извршителот посочи дека видно од Предлогот, неуредноста се однесува на тоа што во уписникот од 2012 година било констатирано дека не е внесена цената на администрирање како во писмена така и во електронска форма. Понатаму, извршителот појаснува дека сите предмети во кои било утврдено дека не е внесена цена на администрирање биле незавршени предмети од аспект на извршувањето. Извршителот наведува дека со Правилникот е предвидено кои рубрики треба да се содржани во уписникот. При приемот на барањето, а врз основа на податоците содржани во барањето биле внесувани сите податоци од истото како и сите превземени извршни дејствија. Извршителот во своја одбрана наведе дека видно од Правилникот со истиот не бил уреден начинот на водење на уписникот во смисла кога која рубрика треба да биди пополнета, па така не е уредено ни во делот на рубриката за цената на администрирање а за цената на администрирање се предвидени две рубрики, една на левата страна од уписникот, а друга на десната страна. Извршителот наведе дека пред спроведување на надзорот извршен од страна на овластените лица од Министерството за правда, истиот практикувал цената на администрирање да ја внесува во двете рубрики при архивирањето на предметот, по спроведеното извршување, заедно со пополнувањето на рубриките за движење на предметот, цената на извршните дејствија, наградата и материјалните трошоци.

Извршителот наведе дека откако му бил спроведен надзорот , постапил по укажувањето на претставниците од Министерството за правда дека администрирањето треба да се внесува при приемот на барањето. Во однос на делот од Предлогот што му се става на товар на извршителот дека сторил дисциплинска повреда од чл.54-г. ст. 1 алинеа 17 од ЗИ истиот истакна дека со заменикот извршител Д. С. имал влошени односи поради извршувањето на предметот И.бр.690/10, по кое е и поднесен посебен предлог за поведување дисциплинска постапка. Извршителот посочи дека при така влошени односи бил во дилема дали да ја отповика одлуката и да побара определување на нов заменик или не. Од причина што останал при старата одлука, побарал заменикот да ги потпише картоните за депонирани потписи кај носителот на платен промет преку усмена комуникација, но бидејќи тој не одговорил на барањето, извршителот истото го поднел по писмен пат заедно

со картоните за потписи, но по извесно време преку доставувач му биле вратени картончињата за депонирани потписи. На главен претрес во своја одбрана на ден 12.11.2013 извршителот наведе дека цената на администрирање не ја евидентирал во електронскиот уписник, но веднаш по извршениот надзор започнал да постапува на начин што во предметот го внел извршното дејствие, цена на администрирање како во електронскиот така и во писмениот уписник. Понатаму, извршителот наведе дека иако откако неговиот заменик бил на рочиште за продажба кај извршителот и сакал да ја прекине продажбата, нивните односи се влошиле меѓутоа сепак извршителот од почетокот на 2013 година барал од неговиот заменик да му ги потпише картоните за депонирање на потпис..

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 12.11.2013година, ги дозволи и изведе предложените докази, со читање на:

- Решение за именување на заменик на извршител бр.________ од Министерството за правда од 05.10.2012 година;
- Извештај бр.09-1354/1 од 29.03.2013 година од Министерството за правда;
- Барање од Извршител Д. Ф. од 09.04.2013 година;

Дисциплинската комисија на КИРМ, ценејќи ги сите докази одделно и во целост, заедно со наводите изнесени во Предлогот на Министерот за правда и одбраната на извршителот, врз основа на слободно убедување, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот во својата канцеларија води Уписник за примени барања за извршување ги содржи потребните рубрики утврдени во чл.5 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување. Во делот од Уписникот со наслов Барање за извршување се внесуваат бројот на предметот, датумот, часот, вредноста на предметот и администрирање на предметот. Извршителот броевите на предметите уредно хронолошки ги заведува во уписникот, датумот, часот на приемна предметот ги заведува по редоследот на прием на предметот во канцеларијата на извршителот.

Во Уписникот извршителот ги заведува вредноста на побарувањето, додека пак цената на администрирање не е внесена во голем дел од уписникот за 2012 година и тоа по предметите И бр. 565/12, И бр.565/12, Ибр.562/12, од Ибр.580/12 до 581/12, И бр.605/12 , И бр.613/12 И бр. 625/12.

Во Уписникот извршителот ги заведува име и презиме на доверителот, живеалиште/престојувалиште/седиште, ЕМБЕ/ЕМБС, банка на депонент и сметка. Сите рубрики уредно се водени, додека пак во одредени рубрики во кои нема впишано одреден податок извршителот нема сознанија за истите.

Во Уписникот извршителот уредно ги заведува името и презимето на должникот, адреса на живеалиште/престојувалиште/седиште, ЕМБГ/ЕМБС, банка на депонент и сметка. Сите рубрики уредно биле водени, додека пак во одредени рубрики во кои нема впишано одреден податок извршителот немал сознанија за истите.

Во Уписникот извршителот уредно ги заведува во делот наслов “ИЗВРШНА ИСПРАВА” бројот на предмет на извршната исправа, органот кој ја донел, датум на кој станала извршна и видот на побарување во однос на тоа дали се однесува на парично или непарично побарување.

Во делот на Уписникот со наслов СПИСИ во рубриката движење извршителот не внесувал податоци, во рубриката чување внесува забелешка дека предметот е архивиран.

Во делот на Уписникот со наслов ДРУГИ ПОДАТОЦИ не се упишуваат податоци.

Во делот на Уписникот со наслов ПРЕВЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА, дека превземените дејствија уредно се заведуваат во уписникот.

Извршителот во поглед на Именикот на доверители и Именикот на должници за 2012 и 2013 година уредно ја водел евиденцијата во писмена форма со подредување на бројот на извршувањата во Именик на доверители и евиденција со подредување на бројот на извршувањата во Именик на должници и дека рубриките во имениците биле уредно пополнети во согласност со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на примени барања за извршување.

На ден 05.10.2012 година со Решение бр. ________- на Министерот за правда лицето Д. С. е именуван за заменик на извршителот Д. Ф.

На ден 10.04.2013 година со Барање извршителот Д. Ф. се обратил до извршителот Д. С. и доставил шест картони за депонирање на потписи за да може истиот да располага со посебната и редовната сметка.

На ден 15.03.2013 година кога е вршен надзорот картоните не биле потпишани од страна на заменикот на

извршителот.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста на предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот Д. Ф. од О. по именувањето на неговиот заменик, не го овластил заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со што постапил спротивно на член 48 став 6 од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/11) со кој е пропишано дека извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменик извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен како и дека извршителот Д. Ф. во поголемиот дел од Уписникот за примени барања за извршување за 2012 година не ја завел ценaта за администрирање на предметите што е спротивно на член 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.117/05), со кои дејствија сторил дисциплинска повреда по чл.54- г став 1 алинеја 4 "неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките "и алинеја 17" не му издава овластување на заменик извршителот за располагање на неговата редовна и посебна сметка "Законот за извршување.

Дисциплинската комисија имаше предвид дека на ден на ден 05.10.2012 година со Решение бр. _______на Министерот за правда лицето Д. С. е именуван за заменик на извршителот Д. Ф. а на ден 10.04.2013 година со Барање извршителот Д. Ф. писмено се обратил до извршителот Д.С. и доставил шест картони за депонирање на потписи за да може истиот да располага со посебната и редовната сметка. Извршителот  бил должен тоа да го стори истовремено со именувањето на неговиот заменик па од причина што во целиот овој период истото не било сторено, извршителот постапил спротивно на член 48 ст.6 од ЗИ со кој е утврдено дека извршителот е должен истовремено со именувањето на неговиот заменик да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка на извршителот со што го сторил битието на делото кое му се става на товар.

Дисциплинската комисија го ценеше фактот дека извршителот на 10.04.2013 година извршителот писмено се обратил до неговиот заменик со барање да ги потпише картоните за депонирање на потпис но истото го ценеше како олеснителна околност при определувањето на видот и висината на дисциплинската санкција. Притоа Дисциплинската комисија ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, како олеснителна околност фактот дека извршителот не е претходно казнуван и дека дополнително по извршениот надзор поднел барање до својот заменик да ги потпише картоните но истите му биле вратени непотпишани, а како отежнителна околност фактот што одреден период канцеларијата на извршителот функционирала без да се даде овластување на нејзиниот заменик што во случај на спреченост на извршителот можело да дојде до нарушување на редовното фунционирање на работата во канцеларијата а која е и целта на законодавецот кога предвидел издавање на овластување за заменикот на извршителот.

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот а особено околноста дека сите предмети во кои било утврдено дека не е внесена цена на администрирање биле незавршени предмети од аспект на извршувањето а истиот по спроведениот надзор  постапил по укажувањето на претставниците од Министерството за правда дека администрирањето треба да се внесува при приемот на барањето за извршување, но истото не влијаеше на поинакво одлучување.

Дисциплинската комисија при определувањето на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, па со примена на правилата на казненото право чл.40 и чл.41 од КЗ за вонредно ублажување на казната па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Од наведените причини, Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 13.05.2013 година согласно чл. 59, чл. 59-б став 1,2 и 3 и чл. 59-в став 1 алинеа 2 од Законот за извршување (Сл. Весникна Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/2011) одлучи како во изреката на ова решение.

**Претседател на Дисциплинска**

**Комисија,**

Снежана Фитеска

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот на одлуката

**Дн:**Министерствозаправда
Извршител Д. Ф.од. О.
Архива